# Еразмус+ Мастер 4.0: Унапредување на мајсторскиот испит

Со задоволство ќе ви го претставиме првиот весник за проектот Мастер 4:0 (Master 4.0): *Подобрување на мајсторскиот испит*, во кој можете да најдете општи информации за целите на проектот, проектните активности, партнерите и информации од првиот состанок на партнерите одржан во Љубљана, Р. Словенија.



**За проектот**

Мајсторските звања (квалификации) се ценети и признаваат во Европската унија, како и во партнерските земји во проектот: Р. Хрватска, Р. Словенија, Република Северна Македонија и Р. Црна Гора. Мајсторските испити ни овозможуваат унапредување на занимањата, отворање на занаети, вклучување на работодавачите во образовниот процес. Исто така, стекнувањето на звањето мајстор е предност во однос на конкуренцијата затоа што мајсторскиот степен ја нагласува извонредноста и квалитетот на производот и услугата.

Р. Хрватска и Р. Словенија имаат долгогодишно искуство во спроведување на мајсторските испити, додека Република Северна Македонија и Р. Црна Гора се движат во таа насока. Во сите земји, мајсторскиот испит има слична структура и се состои од 4 дела: практичен дел, стручно-теоретски дел, дел од економијата и деловните активности и педагошкиот дел.

Со оглед на сличностите во спроведувањето на мајсторскиот испит, партнерите на овој проект ќе работат заедно за подобрување на квалитетот на мајсторскиот испит во земјите партнери. Проектот Мастер 4.0 воведува нов пристап за подготовка и спроведување на мајсторски испит. Целта на проектот е да се подобри подготовката и спроведувањето на мајсторскиот испит преку подобрување на прашањата и програмите за испитот и воведување на онлајн платформа за подготовка и спроведување на мајсторските испити.

Координатор на проектот е Хрватска занаетчиската комора на Р. Хрватската, што го спроведува проектот со партнери од Р. Хрватска (Универзитетски колеџ Алгебра), Р.Словенија (Занаетчиска комора и мали бизниси на Р. Словенија), Република Северна Македонија (Занаетчиска комора Скопје, Здружение Среќен живот, Тетово) и Р. Црна Гора (Занаетчиско- претприемничка комора и на Црна Гора)

Проектот трае 28 месеци, и започна со имплементација на 1 септември 2019 година. Вкупниот износ на одобрени неповратни средства изнесува 215.870,00 евра.

<u>**Проектни активности**</u>

Унапредување на испитните прашање и програми за мајсторскиот испит (2019-2020)

1. **Подготовка на методолошка рамка со упатства за изработка на мајсторски испит.**
2. **Подготовка на испитни прашања и програма за мајсторски испити**
    - Р. Хрватска – испитни прашања за стручно теоретскиот дел за испити за занимањата фризер, ауто-сервисер и електроинсталатер.
    - Р. Словенија - испитни прашања за стручно теоретскиот дел за испити за занимањата тесар , ѕидар и електричар.
    - Република Северна Македонија -испитни прашања за стручно теоретскиот дел за испити за занимањатакозметичар, програма за испити за занимањата за автомеханичар и пекар.
    - Р. Црна Гора испитни прашања за стручно теоретскиот дел за испити за занимањата кројач за висока мода, програма за испити и испитни прашања за стручно теоретскиот дел за занимање фотограф.

Развој на интернет (online) платформа за подготовка и полагање на мајсторски испит(2020-2021)

1. **Осмислување и изработка на интернет платформа**

- 3 дела на платфомата- отворен дел, дел за подготовка на испитот и дел за полагање на испитот.

2. **Изработка на прирачник за административна употреба на платформата и едукација за употреба на платформата за институции кои спроведуваатмајсторски испити**
3. **Локализација на платформата на партнерските јазици, внес на прашањата и подготовка за пилотирање.**
4. **Пилотирање на онлајн платформата**
    - Известување за спроведено пилотирање како почетна точка за понатамошно користење и унапредување на онлајн платформата.

**Што ќе се постигне со проектот?**

- *Ќе се унапреди квалитетот на мајсторскиот испит унапредување на програмите и прашања и усогласување со тековните трендови и технологии*
- *Преку отворениот дел на интернет платформата, клучните информации за мајсторскиот испит ќе станат лесно достапни за пошироката јавност, особено за заинтересираните кандидати*
- *Организациите кои спроведуваат континуирано стручно образование и обука ќе бидат едуцирани во развојот на прашања и програми за мајсторски испити, како и во спроведување на мајсторските испити преку мрежна платформа, со што ќе се зголеми квалитетот, продуктивноста и иновативноста при обезбедување услуги на нивните корисници*
- *Со унапредување на мајсторскиот испит дополнително ќе се промовира образование на возрасни и доживотно учење.*

<u>**Одржан прв состанок со проектните партнери**</u>

Првиот состанок на партнерите за проектот Мастер 4.0 одржан е 10 и 11октомври 2019 година во Љубљана, Р. Словенија. Партнерите разговараа за спроведување на проектните активности, управување со проектот и можните настани во sклоп на промовирање на проектот..

**За партнерите**

**Хрватска занаетчиска комора (ХЗК), Република Хрватска (координатор)**

Хрватската занаетчиска комора (ХЗК) е независна професионална деловна организација на занаетчии формирана за промовирање, усогласување и застапување на заедничките интереси на занаетчиите. Нејзините членови се занаетчии кои работат на територијата на Република Хрватска. Членството е задолжително.. Комората ги извршува следниве улоги: унапредување на занаетчиството, застапување на интересите на занаетчиите пред државните институции и во креирањето на економската политика, давање мислења и предлози на државните институции при донесувањето законски одредби за занаетчиството, помагање на занаетчиите во основање и управување на занаетчиството и извршување други работи пропишани со закон и правни со акти на Комората. Во рамките на задачите утврдени со Занаетчискиот акт, Комората има јавен орган во областа на иницијалното и доживотното стручно образование и обука.

Веб страна: www.hok.hr

**Занаетчиска комора и мали бизниси (ЗКС), Република Словенија (партнер)**

Занаетчиската комора и мали бизниси на Република Словенија (ЗКС) е чадор организација која се состои од систем на микро, мали и средни претпријатија, заедно со 62 регионални занаетчиски комори. ЗКС ги претставува интересите на своите членови пред Владата и соработува со министерствата и Националното собрание во креирање на економска политика и создавање на најдобро можно законодавство за управување со занаети, микро, мали и средни претпријатија. Ги известува своите членови преку списанието "Занаетчија" ги поврзува, советува и едуцира и

има јавно влијание во областа на стручното образование и обука. Комората, како социјален партнер и како една од репрезентативните организации на работодавачи, ги надгледува местата за практичен дел од почетното стручно образование и обука и обуките обезбедени од работодавачите кои го поддржуваат и следат процесот на практичен дел од стручно образование и обука. Во соработка со училиштата, го организираат контролниот и завршен испит во стручното образование и обука. Комората, како социјален партнер, предлага и професионални стандарди како основа за програми за стручно образование и обука во согласност со националниот закон за стручни квалификации и Законот за стручно образование и обука.

Веб страна: www.ozs.si

**Занаетчика комора Скопје, Република Северна Македонија (партнер)**

Занаетчиска комора Скопје е самостојна, непрофитна, стручна организација на занаетчиите, која се залага за создавање поволни услови и клима за развој и промоција на занаетчиството , унапредување на квалитетот на производите и услугите со унапредување на човечкиот потенцијал, со спроведување на обуки, презентации, стручно усовршување на занаетчиите и подобрување на стручното образование.

Членови на комората се занаетчиите кои вршат занаетчиска дејност на територијата на град Скопје. Членството е задолжително.
Занаетчиската комора Скопје има јавни овластувања за водење на занаетчиски регистар во делот на регистрација, промена и престанок на вршење на дејност на занаетчиите.
Во Занаетчиската комора Скопје функционира Центар за образование на возрасни , преку кој се организираат обуки за возрасни преку оспособување на работно место согласно програми за возрасни одобрени и верифицирани од страна на Центарот за образование на возрасни и Министерството за образование и наука.
Занаетчиска комора Скопје ги застапува интересите на занаетчиите пред надлежните институции, дава предлози за подобрување на законската регулатива, лобира за поволни услови и клима за развој на занаетчиството и подобрување на квалитетот и имиџот на стручното образование и обука.

Веб страна: www.zkomora.com.mk

**Здружение Среќен Живот – Тетово, Република Северна Македонија (патнер)**

Здружението Среќен Живот од Тетово е доброволно, непрофитно, невладино, граѓанско здружение формирано со слободно здружување на граѓани за остварување, заштита и усогласување на нивните интереси и верувања за промовирање на граѓанското општество во локалните заедници, како и за спроведување на активности за промовирање на моралните вредности, зајакнување на меѓуетничките односи и економски развој на територијата на Република Северна Македонија.
Основано е во декември 2001 година. Во 2012 година здружението отвори огранок - Среќен Живот Скопје - Огранок - Сопиште, Скопје.
Членовите на здружението се од различна националност, пол и возраст. Членови се психолози, психотерапевти, професори, инжињери, економисти и студенти.

Здружението е член на мрежите: Женска граѓанска иницијатива АНТИКО - Скопје и ЈЕС мрежа на млади претприемачи во Скопје.

Главни области на делување се образование, човекови права, мултиетнички дијалог и граѓанско општество (вмрежување).
Од основањето здружението работи на подобрување на вештините на младите и подготовки на младите за пазарот на трудот, организира и спроведува семинари и работилници за наставници и ученици, развива едукативни програми, организира студиски патувања и други активности од областа на образованието, граѓанското општество и човековите права. Здружението Среќен Живот е активно вклучено во проекти за стручно образование. Во последните 7 години здружението развива едукативни програми за наставници кои работаат во мултикултурна средина.

Веб страна: https://srekenzivot.wixsite.com/srekenzivot

**НВО Занаетчиско-претприемничка комора на Црна Гора (ЗанаПредак)**

Мисијата на чадор организацијата на 18 занаетчиски здруженија во Црна Гора е да ги претставува економско-политичките, професионалните и економските интереси на независните занаетчии и занаетчиските претпријатија. Ова особено се однесува на зајакнување на имиџот на занаетчиството, подобрување на економската и социјалната позиција на претприемачите од средна класа и социјално партнерство во стручното образование и обука.
Визијата на ЗанаПредак е да ја развие конкурентноста на занаетот, да застане пред и зад економијата, да зборува со еден глас пред политиката, економијата и општеството и да биде компетентен соговорник во институциите за сите прашања и мерки релевантни за занаетот. Основана е во 2007 година со поддршка на проектот на Занаетчиската комора Кобленц (Германија). Обезбедува помош за самопомош на членовите, се залага за двојно образование и ги квалификува мајсторите. Финансиран е од доброволни членарини, услуги и проекти.

Веб страна: www.zanapredak.jimdofree.com

**ЈУ Занаетчиска комора на Црна Гора (ЗаКом)**
**Придржен партнер во проектот**

Занаетчиската комора на Црна Гора е професионална, независна и јавно-правна организација на занаетчии, со задача да го заштити и подобри занаетчиството и да ги застапува заедничките интереси на занаетчиите во Црна Гора.
Основана е во 2011 година според Законот за занаетчиство (Службен весник на Црна Гора 54/2009), кој беше донесен со консолидиран настап на економијата од средната класа. ЗаКом го води Регистарот на занаетчии како јавно овластување и содржи апликации од занаети преку локалните секретаријати за економијата.
Поради неформалното членство и истото раководство, активностите на јавната установа на Занаетчиската комора на Црна Гора ги води НВО Занаетчиско-претприемничка комора на Црна Гора.

**Универзитетски Колеџ Алгебра (УКА), Република Хрватска (партнер)**

Универзитетски Колеџот Алгебра во Загреб е дел од најголемата приватна образовна организација во Република Хрватска и регионот, присутна во повеќе од 20 градови низ цела Хрватска. Запишува над 400 нови студенти годишно. Во моментов води 10 акредитирани програми / смерови за високо образование. Студиските програми во високото образование се акредитирани од Министерството за наука и образование и се препознатливи во рамките на Европската рамка за квалификации (EQF) преку нејзината асоцијација со Хрватската рамка за квалификации (ХРК). Покрај академскиот фокус (фокус на квалитетот на наставата), тој е исто така посветен на применетите истражувања.
Алгебра ЛАБ спроведува истражувања, услуги и решенија во областа на науката за податоци (engl. Data Science), примена на информатичката технологија во образованието, вклучувајќи дигитална едукативна содржина, системи за учење од далечина и проценка на знаење, истражување на пазарот на трудот и политики за образование.
Алгебра групата е изградена врз синергијата на бројни елементи кои се насочени кон создавање, примена и

ширење на знаењето. Во овој систем, Универзитескиот Колеџот Алгебра е еден од основните генератори на знаење, но и важен дел од потсистемот за неговата десиминација. Деловната стратегија на Алгебра е: *Креирање, споделување и користење на применливо знаење со одличен квалитет*.

Веб страна: https://www.algebra.hr/visoko-uciliste/

Оваа публикација е овозможена со финансиска поддршка на  Европска комисија. Она ги изразува ставовите исклучително на нејзините автори и Комисијата  не може да се  смета за одговорна  при употреба на  информации  кои во неа се наоѓаат.